РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр.08-66

Скопје 23.02.2018 г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-66 од 23.02.2018 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, бр.02-904/6 од 23.02.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 12-та седница одржана на 23.02.2018 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година.

## Образложение

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, Агенцијата на 05.01.2018 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2018-100-0021 (наш арх.бр.05-70/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 517.463,00 (петстотинииседумнаесетилјадичетиристотиниишеесетитри) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 05.01.2018 година заклучно со 04.01.2019 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 10.01.2018 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-729/1 од 09.02.2018 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2018-100-0021 (наш арх.бр.05-70/1) беше 08.02.2018 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, во износ од 517.463,00 (петстотинииседумнаесетилјадичетиристотинии шеесетитри).

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 7-та седница одржана на 12.02.2018 година, со Заклучок, бр.02-742/3 од

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

12.02.2018 година, го усвои предлогот на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Уп1 бр.08-66 од 09.02.2018 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 12.02.2018 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис Уп1 бр.08-66 од 12.02.2018 година, со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На 23.02.2018 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, доставено е Известување, Уп1 бр.08-66, дека Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово на 19.02.2018 година изврши уплата во износ од 300.000,00 (тристаилјади) денари и на 22.02.2018 година изврши уплата во износ од 217.463,00 (двестеи седумнаесетилјадиичетиристотиниишеесетитри) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-66 од 23.02.2018 година, на д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот, бр.02-904/6 од 23.02.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 12-та седница одржана на 23.02.2018 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво ТВ Кисс, Злате ДООЕЛ Тетово;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и агеномско – финансиски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.